З А П И С Н И К

од седумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Седумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 29.10.2019 година, со почеток во 17:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Стевица Јосифовски, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Дешира Имери, член
4. Гордана Клинчарова, член
5. Ервин Реџепагиќ, член
6. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

На состанокот беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за седумнесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од шеснаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Предлог измена на Правилникот за измена и дополнување на правилникот за плати и на други надомести на агенцијата за електронски комуникации;
4. Предлог Измена Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година;
5. Разно.

Претседателот на Комисијата ја стави првата точка за разгледување, усвојување на дневниот ред, по што Членот на комисијата Горан Велоинов предложи дека имајќи во предвид дека се доставени материјали од страна на Директорот во однос на неговата одбрана по Заклучокот за поведување на постапката за разрешување на Директорот на агенцијата за електронски комуникации.

По ова Претседателот истакна дека имајќи во предвид дека се добиени материјалите во текот на вчерашниот ден предлага да се одложи за наредниот состанок.

По предлогот на членот за проширување се гласаше, по што тројца гласаа против и двајца за, по што се усвои дневниот ред.

По ова членот Горан Велинов постави прашање кога се планира да биде ова на дневен ред, по што претде не сметам дека записникот треба да служи за нотирање на прашање и одговори по членовите но ќе постапам согласно Правилникот и Статутот на АЕК.

По втората точка, претседателот предложи да биде усвоен Записникот по што сите гласаа за негово усвојување.

По однос на третата точка - Предлог измена на Правилникот за измена и дополнување на правилникот за плати и на други надомести на агенцијата за електронски комуникации беше повикан раководителот на сектор за финансии по што раководителот објасни дека има предвидено зголемување на платите за 5% со тоа што ќе биде вметната и основицата за храна и превоз.

Претседателот предложи да се зголемат основните платите за 5% согласно законот, а начинот на пресметка на плата останува ист. Во однос предлогот за измена на коефициентот од 6 на директорот се зголемува на 8.

Новата пресметка да биде вклучена од октомвриската плата.

По однос на 4та почка - Предлог Измена Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година Директорот на Агенцијата објасни дека согласно планот на Владата и насоките од Министерството за Информатичко општество има потреба од оваа измена на планот како би се предвиделе овие средства за имплементирање на Броадбенд планот особено што истото е предвидено и во законот за електронските комуникации како обврска на Агенцијата.

По што сите членови гласаа за ваква измена и ги задолжија стручните служби да го објават планот на јавна расправа.

Под точката разно Претседателот побара да се измени Статутот на Агенцијата особено во однос на начинот на работа на комисијата.

По ова состанокот на комисијата заврши во 19:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_____

Горан Велинов, заменик претседател_____
Гордана Клинчарова, член_____
Дешира Имери, член _____ _____ Наш број_____

Ервин Реџепагиќ, член_____ Скопје 10.09.2019 год.